**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-514/3
Датум: 20.05.2025
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со точка 1. Карпошово културно лето 2025 од програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2025 година (Службен гласник на Општина Карпош бр.21/2024) и Одлуката за објавување на Јавен оглас за прибирање понуди од здруженија за организирање и реализирање на културната манифестација во Општина Карпош, Карпошово културно лето 2025 бр. 11-514/2 од 17.01.2025 година, Комисијата за Карпошово културно лето 2025, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за прибирање понуди од здруженија за организирање и реализирање на културната манифестација во Општина Карпош, Карпошово културно лето 2025 година

### ЦЕЛ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА

1. Целта на манифестацијата Карпошово културно лето е културно и забавно анимирање на жителите од Општина Карпош во текот на летниот период. Програмата на културното лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на Општината, како и да овозможи содржини за уметничко доживување и забава на сите генерации.

### ФИНАНСИСКА РАМКА

2. Вкупната предвидена финансиска рамка за организација и реализација на програмската активност е во износ од 2.500.000,00 денари, предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.
   Вкупната финансиска рамка треба да ги покрие сите предвидени трошоци, како што се: организациски трошоци, надомест за учесниците, техничка опрема, рекламен материјал и други непредвидени трошоци.

### УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

3. Право на учество за аплицирање на Јавниот оглас за Карпошово културно лето 2025 имаат:
   - Правни субјекти со дејност култура и регистрирани на територија на Општина Карпош.
   - Да имаат организирано културни манифестации.

**КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025**

- Барање до Општина Карпош за финансирање на манифестацијата Карпошово културно лето 2025.
- Детален проект за организирање на Карпошово културно лето 2025.
- Проектот со кој е аплицирано не смее да се менува при реализација на Карпошово културно лето 2025.
- Биографии или портфолио за изведувачите, односно учесниците во предложениот проект.
- Тековна состојба на правниот субјект од Централен регистар, не постара од 3 месеци.

**РЕАЛИЗАЦИЈА**

4. Периодот на реализација на Карпошово културно лето 2025 да биде помеѓу 19.08.2025 година и 27.08.2025 година.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

5. Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страницата на Општина Карпош. Документите можат да се достават по пошта на ул. „Радика“ бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За прибирање понуди од здруженија за организирање и реализирање на културната манифестација во Општина Карпош, Карпошово културно лето 2025“.

**РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ**

6. Рокот за поднесување на документите е заклучно со 02.06.2025 година (до 15.30 часот). Документите кои се некомплетни нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Комисија за Карпошово културно лето 2025